## МАКЕДОНСКА БОРБА

Македонски борци македонски размислуваат
И од себе сè за Македонија даваат:
Да кренат македонско знаме со грб,
Да се борат со пушка, мотика и срп.

Размислете вие македонски титовисти,
Дека грев македонска вас ќе ве чисти,
За вашите злосторства народот ќе ви плати
И како предавници в затвор ќе ве прати.

Доста сме се со Броза возиле
И опстанок македонски загрозиле,
Тито ни на вратот пак јарем кладе,
Тој не пороби, слобода не ни даде.

Нека размислат сите браќа Македонци
Дека борба нè вика, борба илинденска,
Кренете се на бој мои мили браќа,
Пролеана крв македонство ќе враќа.

Кај што крв македонска се лееше
Таму денес нешто страшно рика,
А тоа е жива крв браќа мили,
Во борба за слобода таа нè вика.

Ќе водиме нови борби, нова крв ќе тече
И злото в коренот со нож ќе се сече,
Со македонскатаа крв што ја носиме
Душманите бездушно ќе ги косиме.

Ој ти бре народе изгорен македонски.
Пробуди се, не спи, развевај знаме бојно.
Граѓани, селани, машко и женско
Кинисајте в борба, сплотени и стројно.

(Песнава е испеана од еден млад
македонски поет од Австралија)